Врз основа на член 74 став 1 точка 5 од Законот за внатрешни работи (“Службен весник на РМ“ бр. 19/95 и 55/97), министерот за внатрешни работи донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ЦЕНИТЕ НА ОБРАСЦИТЕ ШТО СЕ УПОТРЕБУВААТ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

I. Во Решението за цените на обрасците што се употребуваат во Министерството за внатрешни работи (“Службен весник на РМ“ бр. 30/95 и 28/98), по делот I се додаваат два нови дела I-а и I-б кои гласат:

“I-а. Цените на обрасците наведени во делот I во точките 1, 12, 13, 14, 23 и 26 на ова решение се зголемуваат за двапати, ако по барање на граѓанинот се издаваат за еден ден од денот на поднесувањето на барањето, освен ако се издаваат поради лекување во странство, смрт или тешка болест во семејството.

I-б. Цените на обрасците наведени во делот I во точките 2, 3, 4, 5, 6, 7 и 8 на ова решение се зголемуваат за двапати, ако по барање на граѓанинот се издаваат за еден ден од денот на поднесувањето на барањето.“

II. Во делот II зборовите: под точка 1“ се заменуваат со зборовите: “во делот I“.

III. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 232-38290/1
14 ноември 2000 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Доста Димовска,** с.р.